# Изложени на ризик:



# Ромите и раселените лица во Југоисточна Европа

## Резиме

Издадено од
Програма за развој на Обединетите нации
Европа и ЗНС
Регионален центар, Братислава
2006

Авторски права © 2006
Регионална канцеларија на УНДП за Европа и Заедницата на независни држави

Сите права се заштитени. Ниту еден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира, складира во систем од кој може да се повика, ниту да се објавува во било каква форма или на било кој начин, електронски, со фотокопирање, снимање или на друг начин, без претходна дозвола.

Дизајн на насловната страна: РЕНЕСАНС
Дизајнот на насловната страна се заснова на фотографиите на Андреј Бан и Даниела Руснок
Изглед: Миро Колар и Стано Јендек | Ренесанс
Печатење: Бигосс/РИ графика - Скопје
Превод: Виолета Трајкова
Лектура и коректура: Виолета Танчева - Златева

Издавањето е поддржано од Friedrich Ebert Stiftung/ Erich Brost Stiftung

## Тим за известување

*Координатор на проектот и главен автор:*
Андреј Иванов

*Автори:*
Марк Колинс, Клаудија Гросу, Јарослав Клинг, Сузана Милчер, Ниал О'Хигинс, Бен Слеј, Антонина Жељашкова

*Соработници:*
Ерика Адамова, Флорин Банатеану, Асен Благоев, Јасен Босев, Ана Хонгор, Гај Дион, Михаела Гулеметова-Сван, Јакоб Харл, Борка Јеремиќ, Јоханес Контни, Марија Луиза Силва, Ник Мадок, Паола Палијани, Алексеј Пампоров, Татјана Периќ, Даниел Скобла, Моисес Венанцио

Ставовите изнесени во овој извештај се лични ставови на авторите и не претставуваат ставови на УНДП.

# Предговор

Оваа публикација претставува надградба и проширување на основите на делото поставени и за прв пат објавени во *Одбегнување на замката на зависност,* регионалниот извештај за 2003 на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) за Ромите во Централна Европа. Тој извештај понуди подлабок, покомплексен преглед на исклученоста на Ромите. Користејќи квантитативни податоци од компаративна анализа на повеќе земји, извештајот ја дополни традиционалната парадигма за човековите права со перспектива на човековиот развој. Извештајот ја нагласи важноста на интегрирањето на Ромите во моментот кога земјите од Централна Европа се подготвуваа за влез во Европската Унија (ЕУ).

Извештајот насловен *Изложени на ризик*, исто така, се појавува во еден погоден момент во процесот на интеграција во ЕУ. Фокусирајќи се на една друга група на аспиранти за влез во ЕУ (земјите од Југоисточна Европа), извештајот на сличен начин ја разгледува ситуацијата на Ромите, користејќи квантитативни податоци од вкрстената анализа на повеќе земји. Но, тој се фокусира и на раселените лица, т.е. на бегалците и на внатрешно раселените лица (ВРЛ), која што претставува значајна ранлива група во овој пост-конфликтен регион.

Постојат многу димензии на ранливоста. Ранливите групи се соочуваат со разни видови закани, вклучително сиромаштија и исклученост, и имаат варирачки, но најчесто недоволни ресурси за справување со тие закани. Врз основа на солидните квантитативни податоци и статистиките, извештајот *Изложени на ризик* ги анализира детерминантите на ранливост од аспект на начинот на кој тие влијаат врз Ромите и раселените. Тој изнесува еден нов, интегративен пристап, изграден врз концептот на ранливост. Извештајот претставува обид за помирување на приодите кои се фокусирани исклучиво на една ризична група со пошироки развојни рамки, кои надминуваат една единствена група. Таквата перспектива е особено суштинска на разновидниот и несигурен Балкан. Развојот и вклучувањето, исто како и исклучувањето, се одвиваат на локално ниво, во постојана интеракција со другите групи, со пасивно или активно учество на соседите. Токму поради тоа, извештајот се бави со социо-економскиот статус на Ромите и раселените, наспроти состојбата на нивните „соседи во подобра позиција“, т.е. мнозинските групи на население кои живеат во исто општество со Ромите и со раселените. Освен тоа, и тие мнозински групи се и самите често ранливи, делејќи слични социо-економски околности. Така, целта на обезбедување информации за „мнозинствата кои живеат во непосредна близина“ не е само да се понуди контро-

лна група за статистички пресметки.

Споредувајќи го статусот на Ромите и раселените со оној на другите групи кои живеат во истата средина и се соочуваат со слични предизвици е клучно за разбивање на кругот на исклучување. Мора да ги инволвираме, да ги разбереме и да ги решаваме и мнозинствата заедно со малцинствата. Целосната претстава може да ги изнесе на површина предизвиците кои треба да се решат. Овој приод е особено релевантен за еден регион како што е Балканот, за кој се потребни интервенции преку политики, кои го надминуваат идентитетот на групата кој обично се дефинира по етничка и, понекогаш, религиозна линија. Целата логика на анализата на извештајот, како и низата предложени пристапи на политиките, според тоа, е изграден врз концептот на *развој кој е насочен кон групите и кон одредена област.* Разбирањето на детерминантите на ранливост, интегрирањето на соодветни одговори во националните рамки на политиките и решавање на прашањата во контекст на развој на одредена област е одржлив начин на справување со предизвиците со кои се соочуваат тие групи.

Поради тоа што хуманитарната помош за раселените полека замира, но соодветно дизајнирани развојни програми допрва треба да започнат, извештајот се залага и за создавање поширока рамка за меѓународна поддршка насочена кон ранливоста на бегалците и ВРЛ во регионот. Како и иницијативата „Декада на Ромите“, лансирана во 2005., и „Декадата на раселените“ може да помогне во мобилизацијата на владите да им пријдат на тие прашања на систематски начин, иако јас се надевам дека, со здружени напори, владите, меѓународната заедница и самите претставници на раселените можат да успеат во тоа условите за тие најранливи заедници да се подобрат за помалку од 10 години. Со нивната историја на успеси и неуспеси на Балканот, меѓународните организации имаат морална обврска да пријдат на вистински интегриран приод кон развојот.

Убеден сум дека овој извештај, како и *Одбегнување на замката на зависност*, ќе има долгорочно влијание врз размислувањето за ранливите групи во регионот воопшто и особено за политиките кон Ромите и раселените луѓе. Се чувствувам особено горд поради овој голем интелектуален придонес кон социјална вклученост во нашиот регион на главниот автор Андреј Иванов, кој беше и главен автор на извештајот *Одбегнување на замката на зависност*; на авторот Сузана Милчер и на Бен Слеј, кој во голема мера помогна со многу силното суштинско уредување.

*Калман Мишеи,*
*Асистент администратор и регионален директор*
*на УНДП, Регионално биро за Европа и*
*Заедницата на независни држави*

# **Изложени на ризик:**
# Ромите и раселените лица во Југоисточна Европа

## Резиме

Искоренувањето на сиромаштијата и надминувањето на социјалната исклученост претставуваат глобални предизвици и не се прашања од интерес само за земјите во развој. Сиромаштија и исклучени и/или маргинализирани групи постојат и во новите земји-членки на Европската Унија (ЕУ). Без оглед на нивото на вкупен национален развој, цели заедници во тие земји се лишени од можности за еднакво учество во развојот. Земјите во Југоисточна Европа кои во моментот се подготвуваат да се приклучат кон ЕУ се соочуваат со истите проблеми. Влијанијата на транзицијата во голема мера варираат во различните социо-економски групи во овие земји, а одредени ранливи заедници се изложени на опасноста да бидат изоставени. Ромите, внатрешно раселените лица (ВРЛ) и бегалците, како и делови од мнозинските заедници, често се соочуваат со нивоа на исклученост и сиромаштија еднаква на оние во земјите во развој.

### Ранливоста како предизвик во човековиот развој

Решавањето на потребите на ранливите заедници е од суштинска важност за одржувањето на социјалната кохезија во тие општества. Социјалното вклучување на Ромите, ВРЛ и бегалците е критично за изгледите на земјите од Југоисточна Европа во исполнување на обврските кои произлегуваат од Европската социјална повелба, како и условите за влез во ЕУ. Тие вклучуваат осмислување и спроведување на заеднички меморандуми за вклученост и национални акциски планови за социјална вклученост. На пошироко ниво, решавањето на предизвиците на социјално вклучување е од централна важност за можноста на тие земји да ја спроведат Лисабонската стратегија на ЕУ и комбинирање на зголемената конкурентност со социјалната вклученост. Решавањето на тие предизвици е од критична важност и за постигнување на Милениумските развојни цели (МРЦ) во тие земји.

*Решавањето на потребите на ранливите заедници има суштинска важност за одржувањето на социјалната кохезија во Југоисточна Европа.*

Поради фактот што развиените земји постојат и случаи на голема сиромаштија, дури и во развиените земји постои потреба од прилагодување на целите и индикаторите на МРЦ на нацио-

*Дополнувањето на националните рамки на МРЦ со расчленети квантитативни индикатори и со анализа на ранливоста е прагматичен одговор на предизвиците поврзани со сиромаштијата во регионот. Исто така, тоа е и основната идеја на овој извештај.*

налните околности и од следење на напредокот кон нивно постигнување. Сите земји опфатени со овој извештај ги имаат елаборирано своите национални извештаи за МРЦ и рамките за следење на МРЦ. Дополнувањето на националните рамки на МРЦ со расчленети квантитативни индикатори и анализа на ранливоста е прагматичен одговор на предизвиците поврзани со сиромаштијата во регионот. Исто така, тоа е и основната идеја на овој извештај. Во изминатата декада беше посветено зголемено внимание на социо-економската ранливост во новите земји-членки на ЕУ и во земјите од Југоисточна Европа. Во 2002., УНДП спроведе обемно истражување за ранливоста на Ромите во Бугарија,Чешката Република, Унгарија, Словачка и Романија. Извештајот за регионалниот човеков развој кој произлезе од истражувањето (*Одбегнувајќи ја замката на зависност*) го анализира статусот на Ромите од аспект на човеков развој во тие земји. Препораките на извештајот да се следи сиромаштијата и другите цели поврзани со МРЦ и релевантни за ранливите групи и особено за Ромите беа во поширока смисла потврдени со инцијативата „Декада на Ромите", која во 2003 година ја започнаа владите на земјите-учесничи од осум земји во Централна и Југоисточна Европа, Светската банка, Институтот Отворено општество и други организации, вклучително и УНДП. „Декадата" произлезе од конференцијата „Ромите во Европа која се проширува: Предизвици за иднината", чиј домаќин беше владата на Унгарија во јуни 2003 г. Во февруари 2005., Декадата беше формално отворена во Софија, каде премиерите на тие земји презедоа обврска да ги елиминираат разликите во благосостојбата и животните услови на Ромите и нeромското население во нивните земји, како и да го прекинат злобниот круг на сиромаштијата и социјалната исклученост. На практично ниво, Декадата може да се смета за напор да се остварат целите на МРЦ за најранливата група на Европа – Ромите.

## Приоди кон ранливоста

Иако „ранливоста" е често употребуван концепт, може да се толкува на разни начини. Тој, исто така, треба да се операционализира, одобрено во поглед на правилно дефинирање на целните групи. Главната идеја зад концептот се димензии на ранливоста. Поединците и/или групите може да бидат ранливи на различни начини; може да се соочени со разни видови закани и да имаат различни ресурси за справување со тие закани. Различните детерминанти на ранливоста може да се јават истовремено и да бидат во интеракција во одредени околности и ситуации на групите, поради што некои се поранливи од другите.

*Сиромаштијата и ризикот од осиромашување е обично првиот заеднички критериум за утврдување на ранливоста.*

Сиромаштијата и ризикот од осиромашување е обично првиот заеднички критериум за утврдување на ранливоста. Сиромашните, најчесто, имаат ниски нивоа на образование и живеат во

мали, супстандардни станови/куќи во сиромашни соседства, населби и региони. Освен тоа, сиромашните често немаат заштеди, опстануваат хранејќи се со производи со слаб квалитет и може да имаат тешкотии да си ги дозволат дури и најосновните здравствени услуги. Поради нивната сиромаштија, тие обично се изложени на повеќекратни неповолности, што ги оддалечува не само од вработување, приход и образование, туку и од социјалните и мрежите во заедницата. Екстремната сиромаштија значи дека не можат да се задоволат дури ни најосновните потреби од храна. Крајната сиромаштија во Западниот Балкан може да е поприсутна одошто се наведува во националните статистички податоци, затоа што официјалните статистики за сиромаштијата не секогаш го вклучуваат статусот на најсиромашните групи, кои живеат во изолирани сиромашни населби.

*Концептот на ранливоста е тесно поврзан со оној на „човековата сигурност“*

Освен во ситуација на сиромаштија, луѓето може да се најдат и во состојба на ранливост, како последица на недостаток на образовни можности, несоодветна лична (физичка) безбедност, лоши станбени услови или лош пристап до здравствени услуги. Статусот на раселено лице е уште една главна детерминанта на ранливоста, која често е во корелација со факторите наведени погоре. Истото може да се однесува и на етничката и религиозната припадност, физичкиот, менталниот или емоционалниот хендикеп, возраста или семејниот статус (на пр., самохрани родители). Така, може да се состави список на детерминанти на ранливоста, кој ќе важи и за поединците и за групите. Гледан од овој агол, концептот на ранливост е тесно поврзан со оној на „човековата сигурност“ (концепт кој за прв пат беше воведен во *Извештајот за човеков развој* на УНДП од 1994 г.) и со „социјалната исклученост“, концепт кој беше развиен во развиените земји.

*На Балканот, групите кои се истакнуваат како групи особено изложени на ризик од сиромаштија и од исклученост се Ромите, раселените лица, невработените, помалку образованите и жените*

На Балканот, групите кои се истакнуваат како групи особено изложени на ризик од сиромаштија и исклученост се Ромите, раселените лица, невработените, помалку образованите и жените. И родот може дополнително да придонесе кон ранливоста: ромските жени, кои имаат помалку можности за вработување и помалку пристап до приходи одошто ромските мажи, се соочуваат со повеќе и различни пречки во напорите да се избега од сиромаштијата, поради ограничувањата кои ја намалуваат нивната способност да имаат влијание врз сопствениот живот. Во некои земји, домаќинствата со голем број деца и домаќинствата на постари лица се, исто така, изложени на особен ризик од осиромашување. Во руралните средини и во неразвиените региони, сиромаштијата е пораширена.

*Ранливоста не се однесува на етничката или припадноста на одредена група: тоа е прашање на соочености со одредени ризици од ранливост*

Деведесеттите години од минатиот век во Југоисточна Европа „произведе“ дополнителни димензии на ранливост, поврзани со распадот на поранешна Југославија. Во многу од тие земји, независноста се сметаше за конечна цел на националните борби за самоопределување и антикомунистичка еманципација. Овој

процес на драматичен начин ги погоди разните малцинства, а особено оние без национална држава која ќе ги штити (како Ромите). Насилните конфликти на Западниот Балкан произведе „реки“ од бегалци и ВРЛ, меѓу кои имаше и Роми, што претставуваше нов феномен во Европа по Втората светска војна.

Овој извештај ја дефинира „ранливоста“ како високо ниво на човечка несигурност, квантификувана, следена и анализирана на ниво на поединци и на домаќинства преку имотниот аспект и, пошироко, преку способностите. Тој се фокусира на изложеноста на Ромите и раселените лица на разните ризици од ранливост. Го анализира степенот и детерминантите на тие ризици, во споредба со сличните ризици на кои се изложени мнозинските групи со контрола во општеството. Ромите и раселените лица се избрани не само заради тоа што се Роми и раселени, туку затоа што се соочени со особено непријатни комбинации на ризици од ранливост. Ранливоста не се однесува на етничката или припадноста на одредена група: тоа е прашање на сооченост со одредени ризици од ранливост. Најголемиот дел од Ромите се ранливи, но не сите ранливи поединци и групи се Роми; најголем дел од луѓето во мнозинските групи не се ранливи, но не секој кој е економски и социјално обезбеден припаѓа на мнозинска група. Оваа здраворазумска логика се губи кога се применува групен детерминизам; правилното таргетирање со политиките е можно единствено врз основа на соодветни анализи на ранливоста.

## Методологија на прибирање податоци

Почетната точка на овој извештај беше сеопфатното прибирање податоци, спроведено во рамките на Истражувањето за ранливи групи на УНДП во текот на октомври 2004-та во осум земји од Југоисточна Европа и Покраината Косово под администрација на ОН (во натамошниот текст: Косово). Истражувањето се фокусираше на три популации: Ромите, раселените лица (бегалци и ВРЛ) и испитаници кои живеат во мнозински заедници, сместени близу до Ромите и раселените (бегалците и ВРЛ). Податоците собрани со анкетата ја сочинуваат основата на оваа анализа и извештај за Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Романија, Србија и Косово во Југоисточна Европа. Методологијата која се користеше ни овозможи да ги здружиме националните примероци во три големи регионални бази на податоци: за Ромите, за раселените лица и за жителите на мнозинските заедници кои живеат близу до овие ранливи групи. Студијата почива на премисата дека социо-економските услови и развојните предизвици во различните земји од Југоисточна Европа се во доволна мера слични, за да може да се направи здружување на податоците кое има смисла. Бројните опсервации кои резултираа од истата

ја овозможија длабинската статистичка анализа, потребна за да се испитаат детерминантите на ранливоста – нешто што не е можно (или, во најмала рака, премногу скапо) на национално ниво. Извештајот е повеќе од само моментна слика: тој нуди длабинска анализа на детерминантите на ранливоста кои ги засегнуваат Ромите и раселените лица во Југоисточна Европа. Тие детерминанти на ранливост се анализирани во „контекст на одредена област", наспроти ситуацијата на мнозинските заедници кои живеат веднаш до Ромите и до раселените. Со оглед на тоа што луѓето живеат и влегуваат во односи на локално ниво, во рамките на нивните потесни заедници, во анализата

**Преглед 1: Развој на одредена област**

Развојот на одредена област може да се дефинира како планирање или политики во одредена географска област, кое има за цел да третира одредени посебни проблеми, потреби или развоен потенцијал на определена област. Сфаќањето дека (1) политиките и планирањето на национално ниво може да бидат несоодветни или помалку ефикасни од по мера изготвените решенија во рамките на еден добро дефиниран регион или место; и (2) развојните предизвици кои треба да се третираат имаат мултисекторски карактер, и како такви, бараат еден интегриран и доследен одговор. Локалните проблеми често се поистоветуваат со тензии, недостатоци или конфликти во локалните заедници, посебно по етничка или религиозна линија. Ова може да претставува голем ризик за политиките и планирањето кои се однесуваат на групниот идентитет и здружувањето.

Концептот на развојот на одредена област се разви од пристапот на интегриран рурален развој, кој беше познат во земјите во развој, а посебно во Африка во 1970-те и 1980-те. Овој пристап ги нагласуваше сеопфатните мултисекторски одговори на развојните предизвици на една дефинирана географска област, честопати со силен акцент на земјоделството. Типичните области кон кои беше свртен фокусот беа: локално ориентираното истражување во областа на земјоделството, придружните услуги и наводнувањето, како и маркетингот, здравјето, образованието, водоснабдувањето, санитарните прашања и патиштата. Со оглед на тоа што се сметаше дека секторските министерства не можат да пружаат услуги на еден координиран начин, се стравуваше од фрагментарен развој. Потпомогнат од донаторските финансии, интегрираниот рурален развој беше обмислен за да го поправи ова.

Парадигмата на развојот (кој се однесува) на одредена област типично го заменува нагласувањето на руралниот развој со теми кои се однесуваат на превенција на кризи или постконфликтно закрепнување. Но сепак, се задржува мултисекторскиот карактер и фокусот на географскиот (наспроти тематскиот) развој. Интегралниот рурален развој и уредувањето на поднационалното управување во засегнатите области имаат заеднички црти. Поддршката и активното вклучување на локалните заедници честопати се сметаат за предуслов за успех и за вжен резултат на прокетите кои се однесуваат на одредена област.

се користени примероци на просечно мнозинство (наместо национални просеци) како контролни групи. Тој приод не претставува обид да се гарантира дека заедниците на национални мнозинства се целосно претставени. И навистина, поради тоа што нивната ситуација може да не е целосно различна од онаа на Ромите и раселените, просечното мнозинство вклучено во

анализата може да имаат одредени заеднички детерминанти на ранливост со нивните соседи и, со тоа, да бидат поранливи од националните процеси. Структурата на извештајот (и на ова резиме) е одраз на логиката која почива на одредена област наведена погоре. Користејќи ги квантитативните податоци за разните аспекти на ранливоста добиени со истражувањето, анализата гради детални профили на ранливоста на Ромите и раселените лица и ги наведува специфичните детерминанти на ранливост за секоја од групите. Поради разликите во предизвиците со кои се соочуваат двете групи, извештајот е поделен на два главни дела – еден посветен на Ромите и еден на раселените лица. Во секој од тие два дела се разгледуваат специфични секторски прашања (сиромаштија, образование, здравствени и безбедносни закани, итн.), одразувајќи ги специфичните карактеристики на секоја од нив. Последната глава на извештајот изнесува низа препораки, конкретно релевантни за Ромите, за раселените лица и за сите групи соочени со зголемен ризик од ранливост.

## Сиромаштијата на Ромите

*Четириесет и четири проценти од Ромите живеат во сиромаштија. Од нив, 15 проценти живеат во крајна сиромаштија*

Сиромаштијата е првиот (и најчестиот) аспект на ранливоста. Четириесет и четири проценти од Ромите живеат во сиромаштија. Од нив, 15 проценти живеат во крајна сиромаштија (со дневни трошоци помали од 2,15 УС долари). Наспроти нив, само 11 проценти од мнозинствата кои живеат во домаќинства близу до Ромите живеат во сиромаштија (а само 2 проценти во крајна сиромаштија). Сиромаштијата кај Ромите е исто така „подлабока“ – сиромашните Роми во просек живеат со 1,60 УС долари дневно помалку од границата на сиромаштијата, додека сиромашните семејства на мнозинствата за 1,20 УС долари на ден не ја одбегнуваат сиромаштијата. Како последица од таквата сиромаштија, Ромите имаат пониски просечни трошоци од испитаниците од мнозинските групи и посветуваат поголем дел од вкупните трошоци на купување храна, а помал дел на образование. Освен тоа, сиромашните Роми се многу задолжени; нивните просечни неплатени комунални сметки се 12 пати поголеми од нивните вкупни месечни трошоци,. Домаќинствата акумулираат неплатени сметки за електрична енергија, вода и кирија. Дури и кај Ромите кои се сметаат за несиромашни од аспект на трошоците, вкупните долгови достигнуваат недостижни нивоа (а ситуацијата е многу полоша кај сиромашните домаќинства). Отпишувањето на долговите во такви ситуации е „најлесното“ решение, но со оглед на фактот дека најголемиот дел од домаќинствата исто така се соочени со долгови, исходот е зголемени етнички тензии и натамошно исклучување на Ромите. На ваквата сиромаштија влијаат одреден број фактори. Стапките на сиромаштија се за 60 проценти пониски кај Ромите кои живеат во главните градови, поради поголемите образовни

можности и шанси за вработување во нив. Бројот на деца во едно домаќинство ја зголемува сиромаштијата, но ромските домаќинства се чини успеваат да се справат со просечно големиот број деца преку вклучување на децата во работната сила. И образованието и вработувањето со помош на квалификации помагаат да се намали бројот на сиромашни меѓу Ромите и другите испитаници. Меѓутоа, зголемената благосостојба во домаќинствата поврзана со образование или вработување со квалификации се помалку забележливи во случајот на Ромите одошто во домаќинствата на мнозинските групи, што навестува постоење на бариери кои ги спречуваат Ромите да заработат приходи соодветни на нивното ниво на образование. Според тоа, напорите да се намали големиот број случаи на сиромаштија кај Ромите треба да се фокусираат на утврдување и елиминирање на ставовите на мнозинските заедници (особено на работодавачите) кон Ромите. И покрај таквите нивоа на сиромаштија, Ромите не се хомогени во тој поглед. Податоците откриваат високи нивоа на нееднаквост во приходите меѓу Ромите, повисоки од оние кај заедниците на мнозинствата. Иако тоа може да сугерира постоење на експлоатација во рамките на самата група, тоа е исто така и одраз на разновидноста на „универзумот на Ромите“ и неговите интерни карактеристики.

*Зголемената благосостојба во домаќинствата поврзана со образованието или со вработувањето со квалификации се помалку забележливи во случајот на Ромите одошто во домаќинствата на мнозинските групи*

## СЛИКА 1

**Стапки на сиромаштија кај Ромите**

Процент на Роми кои живеат во домаќинства со дневни еквивалентни трошоци под ПКМ од 2,15$ или 4,30$ (со вкупна стапка на сиромаштија прикажана над столбовите)



## Образование на Ромите

*Задржувањето на Ромите во училиштата се покажа како централен проблем: ромски-те деца, во просек, минуваат во образовниот систем помалку од половина од времето што го минуваат во него децата од домаќинствата на мнозинството*

*Образовната ранливост на Ромите се чини дека добива во интензитет: помладите Роми имаат пониски образовни достигнувања од постарите*

Подобриот пристап до квалитетно образование е широко прифатен како предуслов за зголемување на вработеноста и, според тоа, приходниот потенцијал на ранливите групи, вклучително и Ромите. Освен тоа, целосното завршување на основното училиште е еден од Милениумските развојни цели. Податоците укажуваат на тоа дека двајца на секои тројца Роми (во споредба со секој седми во заедниците на мнозинствата) не завршуваат основно образование, а двајца на секои петмина (во споредба со 1 на секои 20 во мнозинските групи) не посетуваат настава во основните училишта. Да се задржат Ромите во училиштата се покажа како централен проблем: ромските деца во просек минуваат во образовниот систем помалку од половина од времето што во истиот го минуваат децата од домаќинствата на мнозинството (4,5 во споредба со 10 години, последователно). Помалку од една петтина од Ромите кои се на возраст за одење во основно училиште воопшто не одат на настава. Како резултат на тоа, еден на секои четворица од испитаните Роми се неписмени. Ромските жени, според истражувањето, се особено ранливи. Три четвртини од ромските жени не завршуваат основно образование (во споредба со една на секои пет жени од мнозинските заедници), а речиси една третина се неписмени (во споредба со 1 на секои 20 жени од мнозинството). И ромската младина е ранлива, со помалку од една третина од Ромите на возраст од 11 – 14 години кои одат во основно училиште. Се испостави дека непостоењето позитивни фигури на кои ќе се угледаат (како добро образовани глави на домаќинствата) има големо влијание врз нивото на образованост на Ромите и создава самообновлив циклус на опаѓање на нивото на образование. Сиромаштијата и поврзаните фактори, како здравствените ризици поврзани со лошите станбени услови се идентификувани како можни причински фактори на пониските образовен статус на Ромите, што ја нагласува потребата од напори да се подобри благосостојбата на Ромите. Меѓутоа, и други фактори може да играат улога, како сегрегацијата на Ромите во училишта само за Роми и факторите кои се последица на ставовите на заедницата, а се поврзани со помал поврат од образованието во смисла на вработување и приходи на Ромите. Овие наоди ја намалуваат важноста на напорите за интеграција на Ромите во училиштата во кои одат децата од мнозинските групи и за обезбедување можности за вработување на Ромите соодветни на нивното ниво на образование. За работите да бидат уште полоши, образовната ранливост на Ромите се чини дека добива на интензитет: помладите Роми имаат пониски образовни достигнувања од постарите. Цврстата корелација помеѓу образовниот статус на главата на домаќинството и другите членови на ромските домаќинства ја нагласува потребата од итна акција, со која ќе се спречи надолната спирала на образовниот статус на Ромите. Сиромаштијата е од централно

значење за ова прашање. Иако е бесплатно, образованието станува сѝ поскапо во регионот, поради тоа што сé поголем дел од трошоците поврзани со образованието се пренесува на домаќинствата. Заробени во сиромаштија, многу ромски домаќинства не можат да најдат средства за покривање на тие трошоци, со што уште повеќе се намалуваат образовните можности за ромските деца. Според тоа, анализата цврсто сугерира спроведување на политики насочени кон поттикнување на ромските деца и нивните мајки, особено девојките и младите жени и мајките на рана возраст, да останат на училиште. Во тој поглед, од критична важност се поголеми финансиски стимулации за задржување на децата во училиштата, во комбинација со мерки против толерирањето на отсуствување од училиште. Практичните мерки во овој контекст може да вклучат подобро таргетирање на социјалната помош за родителите Роми кои имаат деца на училишна возраст, поврзување на доделувањето социјална помош за родителите со потврда за посетување на настава од страна на нивните деца, како и генерално подобро финансирање на јавното образование, особено на ниво на основното образование.

*Политиките треба да бидат насочени кон кон поттикнување на девојките и на младите жени да останат на училиште*

## Вработување на Ромите

Несоодветните можности за вработување, кое е одраз и на слабата конкурентност на пазарот на труд и ефектите од дискриминацијата, се широко прифатени како главните причини за сиромаштијата и исклученоста низ која минуваат Ромите. Вра-

СЛИКА 2

**Јаз во стапката на стекнато образование во прилог на мажите**
Стекнато образование до 4-то одделение-, основно-, и средно училиште кај мажите и жените Роми и кај мажите и жените од мнозинското население, како и процентот на разлика помеѓу нив („јаз во степенот на стекнато образование во прилог на мажите“)



**Преглед 2: Национални МРЦ, ранливи групи и основно образование за Ромите**

Запишувањето во основно образование е голем проблем за МРЦ2 и поголемиот дел од националните извештаи за МРЦ за земјите од Југоисточна Европа поставуваат цели во оваа смисла.

Во извештајот за МРЦ, Србија бараше зголемување на нето стапката на запишување во основното образование за скоро 100 % до 2015. На национално ниво, земјата не е далеку од целта, со оглед на тоа што оваа стапка изнесуваше 97.9% во 2002. Но, ромските домаќинства кои беа анкетирани би ја достигнале националната цел дури во 2165*. Постигнувањето на националната цел до 2015-та би подразбирало 15 пати поголем раст во стапката на запишување ромски ученици од националниот просек**.

Во извештајот за МРЦ на Косово се бара зголемување на нето стапката на запишување во основното образование до 100% до 2015., од стапка од 95.4% во 2004-та. При примена на линеарен прогрес од ова ниво кон 100% цел и со потребното темпо за постигнување на оваа цел (годишно зголемување од 0.42 процентуални поени), анкетираните ромски домаќинства би ја постигнале националната цел во 2092. Доколку се има за цел постигнување на 100% стапка на запишување на ромските ученици во основното образование до 2015., растот во стапката на запишување ромски ученици би требало да биде 8 пати повисока од онаа која се однесува на земјата во целост.

Потребната годишната промена на национално ниво се изразува како разлика помеѓу нејзините сегашни целни вредности, поделени со разликата меѓу целно одредената година (обично 2015) и почетната година. Годината во која целната вредност ќе се постигне беше пресметана преку множење на сегашната вредност добиена преку анкетата со годишната промена за секоја од соодветните групи-примероци. Истата методологија се применува во сите прегледи кои се однесуваат на националните МРЦ и на ранливите групи во овој извештај.

** Потребното темпо (брзина) на промената се претставува како потребната годишна промена за групата-примерок да ја постигне националната цел во целно одредената година поделена со потребната годишна промена потребна за земјата во целост да ја постигне националната цел до целно одредената година. Истиот пристап се применува и за другите цели во овој извештај.

*Несоодветните можности за вработување се широко прифатени како главни причини*

ботувањето е главниот извор на приходите потребни да се избегне сиромаштијата. Овој извештај го надминува клишето дека невработеноста и вработувањето со ниски квалификации се лоши и ги испитува врските помеѓу вработеноста и невработеноста, од една страна, и ранливоста на Ромите, од друга. Извештајот ги истражува детерминантите на исходите на пазарот на трудот во однос на ранливите групи и изнесува предлози за подобро осмислување и спроведување на таргетираните политики во оваа област. Од податоците од истражувањето на карактеристиките на пазарот на трудот на Ромите во Југоисточна Европа произлегуваат одреден број општи заклучоци. Измерените стапки на невработеност во регионот се значително повисоки кај Ромите одошто кај мнозинските заедници – во некои земји, тие се два пати повисоки. „Субјективните“ стапки на невработеност на Ромите, кои почиваат на перцепциите на испи-

таниците во однос на тоа дали се невработени, се уште повисоки. Со оглед на тоа што за многу Роми немањето редовна работа е еднакво на невработеност, високите субјективни стапки на невработеност може да претставуваат индикација за комбинација од поголемо учество на неформалниот сектор и поголема подготвеност да се прифати стигмата на тоа луѓето да се декларираат како невработени. Вработувањата на Ромите се сконцентрирани во трговијата, земјоделието, градежништвото и секторите на јавни комунални услуги; нивната застапеност во канцелариските професии и во полициските сили или службите за безбедност е, општо земено, доста мала. Доминираат вработувањата со ниски квалификации, кои се поврзани со ниски примања, низок квалитет на работата и мала социјална и работна заштита. Разликите во невработеноста и видот на вработувањето влијаат врз изворите и нивоата на приходи на Ромите. Многу поголем дел од приходите на работниците од заедниците на мнозинствата доаѓа од плати. Но, за Ромите, помошта за невработеност и детските додатоци, како и приходите од неформални вработувања, играат многу поголема улога во приходите на домаќинството. Самовработувањето е многу поретко меѓу Ромите одошто меѓу работниците од мнозинските заедници, со тоа што најголемиот дел од бизнисите во сопственост на Ромите се вклучени во трговија. Ограничениот пристап до средства од банки претставува сериозна пречка; потенцијалните кредитокорисници се често хендикепирани поради немањето кредитна историја и залог (што е главен проблем за сите сиромашни воопшто, не само за Ромите). Кога Ромите кредитобаратели ќе успеат да добијат заем, просечната големина на заемот е околу 25 проценти од износите кои ги добиваат

*Доминираат вработувањата со ниски квалификации, кои се поврзани со ниски примања, со низок квалитет на работата и со мала социјална и работна заштита*

## СЛИКА 3

**Стапки на невработеност**

Процент на Роми и мнозинско население на возраст меѓу 15 и 55 години кои се невработени



кредитокорисниците од мнозинството. Ромските кредитобаратели најчесто поднесуваат барања за кредити за занаетчиски дејности, трговија и земјоделие, како и за лична потрошувачка и социјални обврски, вклучително и венчавки. Возраста не е толку голем фактор за невработеноста на Ромите, со тоа што разликите во стапките на невработеност меѓу младите и возрасните на врвот на нивната кариера се помали одошто кај заедниците на мнозинствата. За жал, ова во најголема мера се должи на малите можности на пазарот на трудот за возрасните Роми на најработоспособна возраст. И родот игра улога: стапката на невработеност на жените е повисока од онаа на мажите и кај мнозинските и кај ромските заедници. Целните стапки на вработеност зацртани во Лисабонскиот договор (од 70 проценти на општо ниво и 60 проценти за жените) често се постигнуваат во мнозинските заедници, но не и во случајот на Ромите. Стапките на вработеност на ромските жени во одредени земји се пониски од 20 проценти. Локацијата е важна детерминанта на невработеноста: разликите во стапките на невработеност на Ромите и на припадниците на мнозинството се многу пониски во руралните одошто во урбаните средини. Иако е можеби резултат на малата побарувачка од работници воопшто, ова е истовремено и одраз на подготвеноста на Ромите да прифатат ниско платени работи во земјоделието, кои што работниците од другите заедници не ги сакаат. И сезоните играат улога, затоа што Ромите прифаќаат работа во земјоделието во текот на есенските (за време на жетвите) и пролетните (за време на засадувањето) сезони. Поради доминацијата на традиционалните родови улоги кај Ромите (жените работат дома) во руралните средини, жените се исклучени од (формалниот) пазар на трудот, со што се намалуваат стапките на невработеност на ромските жени во руралните области. Живеењето на ромските и мнозинските домаќинства едни крај други во мешаните соседства исто така влијае врз невработеноста: невработеноста на Ромите е повисока во сегрегираните одошто во мешаните заедници.

*Разликите во стапките на невработеност на Ромите и на припадниците на мнозинството се многу пониски во руралните одошто во урбаните средини*

Ниското ниво на образование дефинитивно придонесува кон невработеноста на Ромите. Меѓутоа, предностите на пазарот на трудот за оние со повисоко ниво на образование се многу помалку изразени за испитаниците Роми одошто за испитаниците од мнозинските заедници. Иако ниското ниво на образование е фактор кој резултира со послаба позиција на Ромите на пазарот на трудот, тоа не е доволно за да ја објасни разликата во можностите за вработување меѓу ромските и работниците од мнозинството. Други фактори, како дискриминацијата и/или концентрацијата на Ромите во неразвиените области со малку можности за вработување, се чини дека исто така играат улога во неповолната позиција на Ромите на пазарот на трудот. За подобрување на изгледите за вработување не е доволно само да се зголеми нивото на образование на Ромите; таквите мерки треба да бидат придружени со национални стратегии за

*Невработеноста на Ромите е повисока во сегрегираните одошто во мешаните заедници*

вработување, кампањи против дискриминацијата за да се искоренат постојните општествени предрасуди, како и дијалог со работодавачите, со цел да се дојде до позитивни примери на професионален напредок на Ромите.

## Здравје и безбедност на Ромите

*Немањето правилни идентификациски и здравствени документи претставува голема пречка за Ромите да добијат квалитетна здравствена заштита*

Здравствените состојби и исхраната, разните перцепции за закани и станбеното прашање се важни аспекти на анализата на ранливоста. Многу ромски испитаници наведоа дека нивната здравствена состојба се влошила во последната година. Постојат одредени важни родови разлики во смисла на појава на хронични болести, при што бројот на жените погодени од хронични болести е поголем и во двете групи. Освен тоа, Ромите немаат пристап до семеен лекар(од општа пракса) и често не можат да си дозволат да ги купат пропишаните лекарства. И немањето правилни идентификациски и здравствени документи претставува пречка за Ромите која особено се истакнува. Изгледите Ромите да си легнат гладни се многу поголеми од изгледите тоа да се случи кај испитаниците од мнозинските заедници, затоа што не можат да си дозволат да купат храна. Ромските деца се особено погодени од таквите нутрициски ризици. Недоволната покриеност со вакцини (што е одраз на несоодветни информации или несоодветна здравствена идентификација) е, исто така, детерминанта на ранливоста, особено во случајот на ромските деца. Во однос на станбеното прашање, голем процент од Ромите живеат во куќи пред распаѓање или во колиби со супстандардна санитарна инфраструктура.

СЛИКА 4

**Основни услови во домаќинството**

Процент на ромски и мнозински домаќинства без основни удопства



Многу помалку веројатно е ромските домаќинства да имаат тоалет или вода во куќата или дворот одошто домаќинствата на мнозинствата. Станбената состојба е поврзана со сиромаштијата и други фактори на лишеност во поглед на апарати за домаќинството и електрична енергија, што е знак дека ромските домаќинства се во далеку полоша ситуација во овој поглед од домаќинствата на мнозинството. Политиките треба да се фокусираат на измени во легислативата, за да се разјаснат и зајакнат правата на сопственост на имот и на земјиште. Нагласок треба да се стави и на обезбедувањето социјални станови и подобрувањето на инфраструктурата во ромските населби, како и пристап до информации за можностите за решавање на станбеното прашање. Ромите имаат помалку основни елементи во домаќинството, како, на пример, по еден кревет за секое домаќинство. Најчестата закана што ја наведуваат и Ромите и испитаниците од мнозинството е перцепцијата за „недоволни приходи“. Сепак, постојат важни разлики во однос на другите закани. Додека гладта, лошите санитарии и несоодветните станбени услови се наведуваат како најголеми закани за домаќинствата од страна на најголемиот број испитаници Роми, истите не претставуваат главни грижи на испитаниците од мнозинските групи, кои се позагрижени за прашања како што се криминалот и корупцијата. Исто така, ромските домаќинства на себе гледаат како на ранливи во однос на сериозните закани од болести предизвикани од лошите санитарни услови. На прашањето кој може најдобро да ги реши заканите за личната сигурност, како што се ниските примања, гладта и несоодветните станбени услови, и двете групи одговорија дека тоа е поширокото семејство, а не централната или локалната власт. Во однос на лошите санитарни услови и корупцијата, и двете групи веруваат дека полицијата, невладините организации или локалната власт се најспособни да ги решат таквите закани.

## Сиромаштијата на раселените лица

Податоците од истражувањето покажуваат дека стапките на сиромаштија меѓу раселените лица е повисока од онаа на испитаниците од мнозинството, при што едно на секои пет раселени лица живее во сиромаштија (во споредба со помалку од едно на секои седум лица кај мнозинството). Раселените лица во Србија се особено ранливи: две петтини од внатрешно раселените лица живеат во сиромаштија, а повеќе од едно на секои шест лица живеат во крајна сиромаштија. Домаќинствата на раселените се со тенденција да запаѓаат во сé подлабока сиромаштија, при што сиромашните домаќинства на раселените за 1,60 УС долари дневно не успеваат да ја избегнат сиромаштијата, во споредба со износот од 1,20 УС долари кај сиромашното мнозинство. Таквата сиромаштија влијае врз потрошувачките

навики на раселените, принудувајќи ги да трошат помалку за храна и потрошувачки стоки како што се фрижидери и шпорети. На ваквата сиромаштија влијаат повеќе фактори. Стапките на сиромаштија кај раселените се речиси двојно повисоки во главните градови. Тоа е одраз на помалиот број можности во главните градови за раселените, кои најчесто завршуваат во центрите за бегалци, додека во руралните области имаат повеќе бенефиции во вид на државна поддршка и поддршка од поширокото семејство. Како главен фактор кој влијае врз благосостојбата се покажа образованието и вработувањето со квалификации на главата на домаќинството: раселените домаќинства со глава на домаќинството со добро образование и вработување со квалификации може да се очекува да ја зголеми потрошувачката на домаќинството за 174 проценти. Меѓутоа, јасно е и дека, како резултат на влијанието на локацијата, образованието и вработувањето, раселените лица и натаму се во понеповолна ситуација од домаќинствата на мнозинското население. Извештајот, исто така, ја нагласува и важноста на нерешениот законски статус на раселените лица и поврзаноста на тој факт со сиромаштијата и исклученоста. Тој сугерира дека, додека на Ромите им е потребно приоритетно внимание во смисла на напори за намалување на сиромаштијата, таквото внимание не е неопходно само во случајот на Ромите. Бегалците и внатрешно раселените лица се исто така ранливи групи кои се соочуваат со повисоки од просечните ризици од сиромаштија и социјална исклученост.

*Стапките на сиромаштија кај раселените се речиси двојно повисоки во главните градови*

*Веројатноста дека раселените жени ќе продолжат со образованието после средното училиште е многу помала*

## Образование и вработеност на раселените лица

Податоците од истражувањето покажуваат дека образованието не е толкав проблем за раселените како што е за Ромите, зашто разликите во образовните нивоа меѓу раселените и мнозинското население се најчесто незначителни. Меѓутоа, и покрај тоа што наведените образовни нивоа на раселените се слични на оние на мнозинските домаќинства, првите немаат еднакви можности за вработување. Како што може да се очекува, невработеноста опаѓа и кај двете групи како што се зголемува нивото на образование, иако можностите на пазарот на трудот се помали за раселените лица со високо образование одошто за оние од редот на мнозинството. Понатаму, подобрувањето на образовното ниво на раселените не резултира со соодветно покачување на приходите. Во поглед на високото образование се јавуваат важни родови разлики, со тоа што веројатноста дека раселените жени ќе продолжат со образованието после средното училиште е многу помала. Иако стапките на невработеност се конзистентно повисоки кај раселените одошто кај припадниците на мнозинството, субјективните стапки на невработеност се пониски во одредени земји од Западен Балкан. Тоа може да биде одраз

на поголемата неподготвеност да се прифати стигмата која може да биде резултат од тоа лицето да се декларира како невработено. Невработеноста кај младите е малку повисока кај раселените одошто кај мнозинските домаќинства, иако стапките се доста високи и во двете заедници. Стапките на невработеност на жените се повисоки од оние на мажите во целиот регион, а разликата меѓу стапките е повисока кај раселените одошто кај заедниците на мнозинството. И, додека стапките на вработеност на раселените мажи ја надминуваат целта зацртана со Лисабонскиот договор (70 проценти вкупно), стапките за жените од мнозинството, а особено за оние од раселени домаќинства, се под зацртаното ниво. Раселените се најчесто вработени на работни места со ниски квалификации и изгледите да се вработат во неформалниот сектор се многу поголеми одошто таквите изгледи на припадниците на мнозинството. Нивото на приходи на раселените е пониско одошто тоа на домаќинствата на мнозинството, но, за разлика од Ромите, раселените ги остваруваат речиси сите приходи од труд (наместо од социјална помош или други начини на остварување приход). Нестабилното вработување е поврзано со ниски приходи, кои се значително пониски во случајот на раселените одошто на мнозинските домаќинства. Освен тоа, разликите во плати во рамките на самата група не се изедначени целосно ниту со социјална помош

*Раселените се најчесто вработени на работни места со ниски квалификации и изгледите да се вработат во неформалниот сектор се многу големи*

## СЛИКА 5

**Стапки на сиромаштија кај раселените лица**
Процент на бегалци и ВРЛ кои живеат во домаќинства со дневни упросечени трошоци пониски од ППП $2.15 или ППП $4.30 (со вкупни стапки на сиромаштија над столпчињата)



**Преглед 3: Национални милениумски развојни цели, ранливи групи и невработеност на младите раселени лица**

Во **Босна и Херцеговина**, во националниот извештај за МРЦ се бара намалување на стапката на невработеност на младите лица (од 15-24 годишна возраст) на 12 % до 2015. Под претпоставка дека напредокот кон остварување на оваа цел се пресметува земајќи ги предвид 34.8% невработени утврдени во 2001., стапката на невработеност на младите лица во Босна и Херцеговина ќе треба да се намалува за 1.63 процентуални поени на годишно ниво. Со оваа стапка, раселените би ја постигнале оваа цел од 12% дури во 2036-та. За да се постигне оваа цел до 2015., би било потребно трипати поголемо годишно намалување на стапката на невработеност на раселените млади лица од она што сега го покажуваат бројките на национално ниво.

ниту со стратегии за преживување, како дополнителни земјоделски активности. Раселените работници се премногу застапени во сектори во кои доминира мануелен труд за кој не се потребни речиси никакви квалификации, а се недоволно застапени во јавниот сектор. Тоа е во голема мера конзистентно со нивниот „привремен“ и „нерешен“ статус. Раселените се соочуваат и со ограничени можности за самовработување и пристап до кредити. Како и Ромите, и тие имаат тенденција да се потпираат на семејството и на други, неформални извори на кредит. Поголем е бројот на мнозинските домаќинства кои се обидуваат да започнат сопствен бизнис отколку бројот на раселените домаќинства, но разликите не се толку големи. Како и во случајот на Ромите и на сиромашните воопшто, за раселените е тешко да дојдат до банкарски кредит, иако разликата меѓу просечната вредност на заеми подигнати од страна на

*Раселените работници се премногу застапени во сектори во кои доминира мануелен труд за кој не се потребни речиси никакви квалификации, а се недоволно застапени во јавниот сектор. Тоа е во голема мерка конзистентно со нивниот „привремен“ и „нерешен“ статус. Раселените се соочуваат и со ограничени можности за самовработување и пристап до кредити*

## СЛИКА 6

**Стапки на невработеност и субјективни перцепции за невработеноста**
Процент на невработени раселени лица и припадници на мнозинството на возраст од 15-55



раселените и мнозинските домаќинства е мала. Раселените домаќинства многу почесто позајмуваат од пријатели, роднини и невладини организации и поретко се зачленуваат во кредитни кооперации или здруженија одошто мнозинските домаќинства. Залогот е голема пречка и, додека речиси сите домаќинства од мнозинството живеат во станбен простор кој им припаѓа ним или на членови на нивното семејство, помалку од половина од раселените имаат сопствен станбен простор. Исто така, раселените многу поретко се сопственици и на земјиште. Голем дел од раселените домаќинства земаат позајмици за реновирање и доградба на станбениот простор и тоа е можеби објаснувањето за неподготвеноста на банките да им одобруваат заеми.

## Здравје и безбедност на раселените

*Големата оддалеченост од здравствените институции, ниските приходи и немањето пописни документи за иденти-фикација се главните бариери за пристап кон здравствени услуги за раселените семејства*

Податоците покажуваат дека раселените се соочуваат со многу несигурности околу станбеното прашање: најголемиот дел од нив живее во објекти за бегалци, со супстандардна санитарна инфраструктура. Тие услови, како и фактот дека тие често оставиле многу имот во местата од кои избегале, значат дека раселените поседуваат помалку елементи за домаќинството, како што е мебел или книги. Пристапот до информации и комуникациски технологии е, исто така, често несоодветен. Раселените го сметаат својот здравствен статус за полош од оној од пред една година. Постојат одредени важни родови разлики, во смисла на појава на хронични болести: бројот на жени погодени од хронични болести е поголем и меѓу раселените и меѓу мнозинското население. Раселените имаат поголеми изгледи да се

СЛИКА 7

**Квалитет на станбениот простор**
Процент на раселените и мнозинството кои живеат во секој од видовите станбени простори (проценети од испитувачот)



**Преглед 4: Раселени деца во Србија – во борба за опстанок, далеку од развој**

Имено, образованието во сите јудноевропските земји е бесплатно и достапно за сите. Всушност, различните групи се соочуваат со различни проблеми при искористување на нивното право на образование.
Децата на раселените семејства се посебно ранливи на образовните ризици. Во некои случаи, колективните центри се далеку од училиштата со што се отеднува посетеноста од страна на децата. Според еден извештај на Норвешкиот совет за бегалци за внатрешно раселените лица, 20 проценти од раселените деца во Србија не посетуваат училиште. Оние кои посетуваат училиште, се во паралелки со преку 50 деца по паралелка.
Јазикот моде исто така да претставува бариера, посебно за албанските и ромските деца. Хроничните болести, недостатокот од соодетна облека и нетолерантноста на локалните деца моде исто така да преставуваат дополителни тешкотии. Поголемиот дел од раселените ромски деца од Косово или никогаш не посетувале учлиште или го напуштиле училиштето пред завршувањето на четвртото одделение. Дури и кога децата покадуваат интерес за одење на училиште, културолошките сфаќања на образованието претставуваат практични и психолошки бариери за посетување на училиштето.

Некои од децата доаѓаат од домови за деца без родители, други се посвоени, трети диveат со блиски или далечни роднини. 12 проценти од децата во домовите за деца без родители во Србија се раселени. Животот за овие деца беше опишан како „чисто предивување, без никаков развој“. Исто така, присутни се и ризиците во исхраната: досега, училишните оброци не биле дел од образовните програми. Додека таквите ризици постојат за целата популација, тие моде да бидат посебно тешки за раселените деца. Пограничните заедници и другите стратешки лоцирани општини моде да бидат погодени од големи приливи на раселени лица, со што образовниот систем и другите јавни слудби се ставаат под голем стрес. На пример, во одредени области во Војводина и Кралево, 42% од населението се бегалци и внатрешно раселени лица.

УНИЦЕФ има водечка улога во обезбедувањето образование за овие деца преку организирање на часови за постигнување на пропуштеното за приблидно 30, 000 раселени деца од основното образование (околу 1 000 од нив се Роми) во колективните центри и центрите на заедниците, како и во основните училишта во Србија. Поголемиот дел од помошта за децата беше наменета за образование на помладите деца. Според УНИЦЕФ, повеќе од 8 000 деца во Србија имаат изгубено родител или останале сираци за време на декадата на војните. Нивните слаби перспективи ги прави младите луѓе разбирливо лути и склони кон деструктивно однесување. Доколку тие останат без позитивни идоли и модности за конструктивно обликување на својата иднина, раселените деца ризикуваат да прераснат во лути млади луѓе кои генерираат циклуси на насилство и одмазда.

Овој текст се заснова на вБегалци и внатрешно раселени жени и деца во Србија и Црна Гораг. Септември 2001. Комитет на жени за жени и деца бегалци. Њујорк: WCRWC.

разболат од неврози и растројства поврзани со психичките трауми на раселувањето. Големата оддалеченост од здравствените институции, ниските приходи и немањето прописни документи за идентификација се главните бариери за пристап кон здравствени услуги за раселените семејства. Недоволната покриеност со вакцинации (најчесто како последица на несоодветни документи за идентификација) е главната детерминанта на ранливост, особено за раселените деца. Како и Ромите, и

раселените семејства многу поверојатно ќе си легнат гладни, затоа што не можат да си дозволат да купат храна. Раселените деца се особено подложни на нутрициски ризици. Најчестата закана која ја наведуваат и раселените и мнозинските домаќинства (како и Ромите) е „недостигот од задоволителни приходи“. Меѓутоа, додека голем дел од раселените сметаат дека гладта, лошите санитарни услови и несоодветниот станбен простор се најголемите закани за нивните домаќинства, испитаниците од мнозинството се повеќе загрижени за прашања како криминалот и корупцијата. На прашањето кој најдобро може да се справи со тие закани, и двете групи одговориле дека семејството треба да ги реши проблемите на ниски примања, глад и несоодветни станбени услови. Спротивно на тоа, и двете групи сметаат дека за проблемите на лошите санитарни услови и корупцијата се одговорни полицијата, невладините организации или локалната власт.

## Препораки за политиките

Политиките насочени кон намалување на ранливоста во текот на изминатите 15 години во Европа пречесто се карактеризираат со отсуство на две критични компоненти: сеопфатна концептуална рамка фокусирана на поединецот и јасни, мерливи цели. Политиките пречесто се фокусираа на третирање на симптомите наместо на причините и беа изготвувани од случај до случај (понекогаш како одговор на хуманитарни катастрофи), без јасна концепциска основа. Поединечните интервенции преку политики често се ориентирани кон групи, придонесувајќи на тој начин кон расцепкување на локалните заедници. Во земјите од Западен Балкан, каде што милиони луѓе ги искусија ужасите на етничко чистење, приодот на политиките со кои се нагласува етницитетот немаат изгледи да бидат одржливи.

## Недискриминација и еднаквост пред законот

*Недискриминацијата треба да претставува основа за рамките на политика која ги вклучува сите популациски сегменти*

Недискриминацијата треба да претставува основа за рамките на политика која ги вклучува сите популациски сегменти. Меѓутоа, во моментот тие рамки не се целосно развиени, а разликите во капацитетите на државните институции (особено на судовите) и граѓанското општество го ограничуваат нивното спроведување. Исто така, не сите аспекти на анти-дискриминаторни политики се универзално прифатени. Концептите на „позитивна дискриминација“ (или „афирмативна акција“) и „индиректна дискриминација“ (при што дискриминацијата постои и покрај тоа што не постои намера за дискриминација) и натаму се доста контроверзни.

## Препознавање на заеднички интереси

Ваквото препознавање мора да ја сочинува основата на секој дијалог, со цел да се добие поддршката на најшироките сегменти на популацијата и да се избегне перцепцијата дека решенијата се наметнуваат одозгора или како одговор на барањата на една или друга група. И мнозинствата и малцинствата би можеле да започнат со тоа што ќе прифатат дека разновидноста може да биде предност на општеството. Доколку е можно, треба да се одбегнуваат мерки со кои би се зголемила фрагментацијата на општеството по етничка линија. Наместо тоа, треба да се таргетира ранливоста (во смисла на димензиите наведени во овој извештај), а не етничката припадност. Ромите и раселените треба да добиваат поддршка од државата пред сй не поради својот етнички или законски статус, туку поради тоа што се жртви на социјална исклученост и поради тоа што процесот на интеграција во ЕУ бара анти-дискриминаторските закони и социјалните политики да ги решат нивните маки. Со оглед на тоа што ранливоста во многу земји од Југоисточна Европа е заедничка карактеристика на многу етнички групи, мнозинските и малцинските заедници имаат заеднички интерес да го решат проблемот.

*Ромите и раселените лица треба да добиваат поддршка од државата, пред сè, не поради својот етнички или законски статус, туку поради тоа што се жртви на социјална исклученост*

## Програми за вработување и реформи на пазарот на труд

Важноста на зголемувањето на стапката на вработеност на Ромите и раселените во Југоисточна Европа го покренува прашањето за ефективноста на активните политики насочени кон пазарот на труд и програмите за ранливите групи. Покрај тоа што може да влијаат на намалување на сиромаштијата, активните политики за пазарот на труд може да го поддржат усвојувањето на попроактивен став на ранливите работници и да помогнат во менувањето на начинот на размислување, кој е последица на долгорочната невработеност и социјалната маргинализација. Понатаму, кога субвенциите за вработување се помали од помошта за невработени која инаку би се исплатувала, активните политики за вработување може да бидат и исплатлив краткорочен инструмент на социјалната политика. Мерките за вработување, со кои невработените се ангажираат на работи финансирани со јавни средства и за тоа добиваат плата, понекогаш во партнерство со приватните работодавачи, се близу до духот на активните политики за вработување.

## Инволвирање на приватниот сектор

Кога се соочуваат со предизвиците на високи стапки на невработеност и сиромаштија, владите често подлегнуваат на искушението да ги зголемат јавните давачки за социјална помош и

*Приватните работодавци мора да бидат во центарот на секоја долгорочна и одржлива стратегија за намалување на невработеноста на Ромите и на раселените лица*

програми за вработување на јавни проекти. Тие мерки може да бидат оправдливи како краткорочни и итни мерки. Меѓутоа, долгорочно, пазарот и приватниот сектор (а не владите) се тие што треба да создадат работни места за Ромите, раселените и другите ранливи категории на работници. Улогата на владите главно се состои во тоа да им се помогне на ранливите работници да ја подобрат сопствената вработливост, наместо директно да им се обезбедуваат можности за вработување. Јавните работи може да бидат корисни во таа насока, но повеќе како можност да се подобрат вештините, а помалку како директно обезбедување вработување. Тоа, исто така, значи и дека приватните работодавачи мора да бидат во сржта на секоја долгорочна и одржлива стратегија за намалување на невработеноста на Ромите и раселените. Сѐ поголемиот број на компании сфаќаат дека втурнувањето на милиони Роми и раселени лица на социо-економските маргини не е добро за бизнисот. Конкуренцијата меѓу социјалните служби и локалните партнери за имплементација треба да се промовира секогаш кога е тоа можно. Треба да се дефинираат мерливи квантитативни цели и истите да се применуваат во утврдувањето на развојните приоритети и политики, врз основа на анализи на исплатливоста.

## Самовработување и пристап до микро кредити

*Од важност се мерките за подобрување на пристапот до кредит и до капитал, кои се потребни за започнување мали бизниси (особено микрокредитирањето)*

Самовработувањето може да одигра критична улога во пренасочувањето на ранливите работници од состојба на зависност во состојба на активно создавање приходи. Како и во случајот на дерегулација на пазарот на трудот, и реформите за подобрување на бизнис средината мора да се борат со бројни компромиси. Подобрувањето на деловната средина може да има комбинирани последици за Ромите и за раселените, особено доколку создавањето нови работни места заостанува зад општиот економски раст или доколку корист од порастот на вработеноста се концентрира на врвот на пазарот на трудот. За корист од мерките за подобрување на деловната клима навистина да допрат до ранливите домаќинства, од важност се мерките за подобрување на пристапот до кредит и капитал, кои се потребни за отпочнување мали бизниси. Микро кредитирањето може да биде особено важно во овој поглед.

## Политики засновани на евиденција

*Мора да се приберат податоците кои се расчленети според релевантните критериуми за ранливост*

Иако прибирањето податоци треба да биде приоритет и одговорност на националните статистички служби и владите, тие се соочуваат со одредени проблеми во оваа област. Некои од тие проблеми се од уставна природа: законите за заштита на податоци во многу земји го ограничуваат официјалното прибирање податоци според етничко потекло, со што се комплицира

задачата на мерење на ранливоста од етнички аспект. Од друга страна, во отсуство на соодветни податоци за ранливоста, тешко е да се утврдат приоритетите, особено кога треба да се донесе одлука на локално ниво. Анализи на исплатливоста на различните опции на политиките, надзор над напредокот, проценка на ефектите – сето тоа е невозможно. Мора да се приберат податоците кои се расчленети според релевантните критериуми за ранливост, за да се овозможи длабински мониторинг на стандардните рамки на МРЦ и индикаторите на социјална исклученост, особено во рамките на заедничкиот меморандум за вклученост околу кој овие земји во моментот преговараат со Европската комисија. Само во тој случај анализата на ранливоста ќе биде во поддршка на потребите на политиката од насочени интервенции во поединечни области.

## Политики конкретно насочени кон Ромите

Општото начело наведено погоре треба да се преточи во политики насочени кон конкретни групи, програмирање и проекти, кои за возврат треба често да се спроведуваат во развојни рамки во одредена област. Извештајот наведува одредени елементи специфични за Ромите, кои би требало да ја надополнат општата рамка на политики насочени кон намалување на ранливоста.

## Намалување на зависноста

*Неуспехот да се напушти социјалната помош денес може да ги намали изгледите да се напушти таквата зависност во иднина*

Ромите се особено ранливи на замките на зависност. Со ограничени развојни можности и мал број успешни фигури кои служат како пример, Ромите лесно ги редуцираат своите професионални аспирации до ниво на кое преживувањето на социјална помош е прифатлива опција. Потпирањето на социјална помош може да ги зголеми проблемите на ранливоста со тоа што се намалува стимулираноста да се подобри конкурентноста на пазарот на труд. Неуспехот да се напушти социјалната помош денес може да ги намали изгледите да се напушти таквата зависност во иднина. Меѓутоа, поради тоа што учеството на Ромите во формалната економија е често ограничено, релативно голем број Роми не ги плаќаат социјалните придонеси кои се потребни да се финансираат тие бенефиции. За да се намали таквата „култура на зависност“, системите за социјална помош треба да настојуваат да одбегнуваат да ги намалуваат стимулациите за вработување преку вметнување на начелото на „позитивни нето бенефиции за позитивни нето напори“. Според тоа, социјалната помош треба да биде условена со обидите на корисниците да го напуштат системот на социјална помош и да ја подобрат својата конкурентноста на пазарот на трудот во разумен временски период. Слично на тоа, и на социјалната помош не треба да се гледа како на безусловно право на

надомест кој се исплаќа без оглед на приходите заработени во неформалниот сектор. Ангажирањето приватни работодавачи и програми за вработување на јавни проекти може да го олесни „бегот од замката на зависност“.

## Долгорочен фокус на образование

*За подобрување на можностите за вработување на Ромите, потребно е да се комбинираат иницијативите за подобрување на нивниот образовен статус со анти-дискриминаторски мерки насочени кон мнозинските заедници, работодавците и другите групи*

Податоците од истражувањето елаборирани во овој извештај покажуваат дека зголемените можности за образование и вработување може да ја намалат сиромаштијата и обратно. Надградбата на оваа поврзаност мора да биде во сржта на напорите да се прекине злобниот круг на сиромаштија и исклученост. За тоа се потребни амбициозни иницијативи во образованието, во смисла на десегрегација, повеќе ресурси и реформа на наставните програми, администрацијата и финансирањето. Податоците од истражувањето навестуваат и дека, и покрај тоа што соодветното образование и вештини се клучни за подобрување на можностите за вработување, тие не се доволни за да се премостат образовните и приходните јазови со кои се соочуваат Ромите. За подобрување на можностите за вработување на Ромите, потребно е да се комбинираат иницијативите за подобрување на нивниот образовен статус (како што е Фондот за образование на Роми) со анти-дискриминаторски мерки насочени кон мнозинските заедници, работодавачите и другите групи. Компаниите особено треба да се инволвираат во поголема мера, и во создавањето позитивни примери на успешни поединци кои се потребни за намалување на стереотипите и дискриминацијата на работното место, и во зголемување на очекувањата на самите заедници на Ромите. Конечно, примерите на успешни поединци се дел од бегството од сиромаштија и ранливост. На децата често им недостигаат позитивни примери на тоа како и зошто се исплатува образованието. Постои силна корелација помеѓу образовното ниво на главата на домаќинството, статусот на неговото семејство и образовните достигнувања на членовите на тоа семејство.

## Редефинирање на постојните структури заради вклучување на маргинализираните

Редефинирањето (а не замената) на националните и субнационалните структури со цел вклучување на сите сегменти на популацијата, промоција и социјална поддршка е од клучно значење за одржливиот развој со кој се намалува зависноста. Ова произлегува како клучна поука од бавното спроведување на програмата Декада на вклучување на Ромите. Кога Деката беше формално отворена на почетокот на 2005 година, националните акциски планови (НАП) веќе беа усвоени во сите земји-учеснички, така што спроведувањето можеше веднаш да започне.

За жал, тие планови не беа преточени во оперативни програми и проекти кои можеа да стигнат до ниво на заедницата. Очекуваните резултати од Декадата (артикулирани во целите и НАП-ови) не беа поврзани со сите исходи, активности и потребните инпути. Поради отсуството на јасно дефинирани активности и инпути, не беше можно да се утврдат трошоците. Без финансиски информации, иницијативите поврзани со Декадата не можеа да се вклучат во планирањето на буџетот. И, на крајот но не помалку важно беше тоа што општите цели на Декадата не беа придружени со конкретни индикатори потребни за следење на напредокот (или отсуството на напредок) во спроведувањето на Декадата. Сето тоа е поврзано со капацитетите – капацитет да се преточи политичката волја во прагматична акција, капацитет да се утврдат потребите и да се распределат ресурси, капацитети да се врши надзор над напредокот и да се менува почетниот концепт на проектите онаму каде што е потребно. Но, тоа е поврзано и со фокусот на националните актери вклучени во Декадата, која е сѐ уште недоволно ориентирана кон резултати.

*Редефинирањето на националните и на субнационалните структури, со цел вклучување на сите сегменти на популацијата, промоција и социјална поддршка има клучно значење за одржливиот развој со кој се намалува зависноста*

## Усогласување на Декадата на вклучување на Ромите со парадигмата на развој на одредена област

Декадата на вклучување на Ромите создаде меѓувладина рамка, во која може да се дизајнираат и да се спроведуваат конкретни активности и планови. Меѓутоа, во многу земји основната содржина на Декадата сѐ уште не е целосно дефинирана. Овде може да помогне развојот на конкретно подрачје и тоа од повеќе аспекти. Многу од развојните предизвици со кои се соочуваат Ромите најјасно може да се увидат на локално ниво. Тоа ги одразува и концентрацијата на ромските заедници во одредени географски области и фактот дека одговорноста за обезбедување на најнеопходните услуги – особено образованието, олеснувањето на вработувањето и здравствената грижа – е, во најмала рака, делумно децентрализирана. Поради тоа, квалитетот на тие услуги драматично варира во зависност од локацијата, етничката структура, локалните стапки на сиромаштија и слично. Десегрегацијата на училиштата не значи само да се донесат релевантните закони во главниот град, туку истите и да се спроведат во училиштата на конкретни локации. Слично на тоа, за зголемување на можностите за вработување е потребен дијалог помеѓу локалните бироа за вработување и локалните бизниси, олеснителни околности за нови бизниси на локално ниво, локални активности на микро финансирање, итн. Освен тоа, програмирањето за конкретно подрачје може да ја промовира интеграцијата на Ромите и на другите заедници на локално ниво. Интервенции дефинирани са тесни групи (наместо за цело подрачје) може уште повеќе да ги изолираат Ромите од главните општествени текови.

*Програмирањето за конкретно подрачје може да ја промовира интеграцијата на Ромите и на другите заедници на локално ниво*

## Автентична застапеност на Ромите и сигурни партнерства на локално ниво

*Треба да се поттикнува учењето преку искуство, како, на пример преку вклучување на Ромите во програми за стажирање и нивно вработување на различни нивоа во меѓународните организации*

„Ништо за Ромите без самите Роми“ веќе стана стандарден услов. Освен доколку не се постигне автентична застапеност на ромските заедници, оваа моќна порака може да остане само декларација зад која се крие ексклузивен пристап кон формулирање на политиката. Претставниците на ромските заедници и на владините тела навистина се во дијалог. Но, тој дијалог често има форма на паралелни монолози, во кои изразувањето на ставовите не води задолжително кон комуникација или изнаоѓање заеднички јазик или интерес. Проектите за развој на конкретно подрачје мора да се спроведуваат локално. За таа цел се потребни доверливи партнери, т.е. организации кои можат да ги спроведат тие проекти. Донаторите и меѓународните организации може да одиграат клучна улога во утврдувањето и поддржувањето на таквите партнери. Од многу аспекти, и кредибилитетот на донаторите вклучени во такви проекти е исто така доведен во прашање. Иако капацитетите на ромските невладини организации треба да се зајакнат, традиционалните проекти за „јакнење на капацитетите“ не се секогаш доволни. Треба да се поттикнува учењето преку искуство, како на пример преку вклучување на Ромите во програми за стажирање и нивно вработување на различни нивоа во меѓународните организации.

## Односот меѓу Ромите и мнозинските заедници: разбирање на гледиштето на другиот

Прашањето на перцепцијата на Ромите од страна на заедницата на мнозинството станува сé поважно. Финансиите што се издвојуваат за политиките насочени кон решавање на ранливоста можеби се мали во однос на големината на проблемите, но фокусот на медиумите на таквата поддршка може да ја зголеми нејзината важност во перцепцијата на јавноста. Ова е особено случај кога проектите не се премногу ефективни или со сомнителни ефекти. Ваквите двојни перцепции за прашањата поврзани со ранливоста станаа вообичаени во последните 15 години: мнозинските и ранливите заедници сé повеќе гледаат на, инаку, неспорни факти и настани на дијаметрално спротивставен начин. Мнозинските заедници и Ромите пречесто се наоѓаат во ситуации аналогни на ситуација во која двајца сопружници бараат развод: се бомбардираат меѓусебно со обвинувања и поплаки. Потрагата по заеднички интерес (што е тешко да се постигне кога политиките и проектите се дизајнирани по „етничка“ линија) како веќе да не постои. И, додека однесувањето на ромските заедници (и нивните посредници од „развојниот бизнис“) понекогаш како да го одразуваат веру-

*Мнозинските заедници ги доживуваат сиромаштијата и социјалната исклученост на Ромите како нивен доброволен избор*

вањето дека мнозинствата треба да имаат 'комплекс на вина' во однос на Ромите, мнозинските заедници ги доживуваат сиромаштијата и социјалната исклученост на Ромите како нивен доброволен избор, што може да се опише како „отсуство на одговорност и обврска да се плаќаат даноците". И двете страни сметаат дека грешката е кај другата страна; поимите толеранција, заедничка одговорност и заеднички интереси се очигледно отсутни.

## Почит кон родовите прашања и различни култури

Како што покажуваат податоците од истражувањето елаборирани во овој извештај, жените се често поранливи од мажите, и во заедниците на Ромите и оние на раселените. До одреден степен, оваа зголемена ранливост е одраз на традиционалните родови улоги, кои често се поврзуваат со фактори поврзани со културата. Меѓутоа, културата еволуира. Според тоа, важно е да се сфати кои компоненти на „традиционалната култура" се компатибилни со современите општествени стандарди, особено во поглед на жените, а кои не се. На пример, браковите според непишаните закони на ромските заедници треба да се озаконат, со сите придружни права и обврски на двата партнера. А ромските жени кои ја доведуваат во прашање или одбиваат да ја почитуваат традицијата на брак и раѓање деца на рана возраст заслужуваат толеранција, па дури и поддршка од нивните заедници, како и од социјалните служби. Тоа навестува дека мерки кои заслужуваат особена поддршка се мерките за зголемување на родовата еднаквост во ромските семејства, и тоа мерки кои произлегуваат од самите ромски заедници.

## Политики конкретно насочени кон раселени лица

Заедниците на раселени лица во Југоисточна Европа, исто така, се соочуваат и со одредени конкретни предизвици, за кои се потребни соодветни политики и одговори во вид на програми. Во следниот дел се опишани неколку главни предлози кои би можеле да придонесат кон подобрување на статусот на тие сегменти од популацијата. Списокот е покус од оној во случај на Ромите, но големината на предизвиците со кои се соочува раселената популација во Југоисточна Европа може да биде незначајна од глобална перспектива. Сепак, со оглед на социоекономските настани во овие земји, нивните аспирации кон ЕУ и расположливите ресурси во споредба со ресурсите во другите делови од светот, прашањето на раселени популации добива значајни димензии.

## Водечки начела за внатрешната раселеност

Подобрувањето на статусот на раселените лица значи и примена на Водечките начела за внатрешна раселеност. Усвоени од страна на Советот за економски и социјални прашања на ОН во 1998., начелата почиваат на меѓународните закони за човекови права, претставуваат одраз на истите и се конзистентни со нив. Документот дава доследна рамка за утврдување на потребите од планирање, спроведување и надзор над активностите за заштита. Оттука, спроведувањето на 30-те начела во соодветен национален контекст е првиот чекор кон подобрување на статусот на раселените лица во регионот.

## Транзиција од хуманитарна помош и превенција на кризи кон развој

*Реално подобрување може да се постигне само со целосно реинтегрирање на раселените лица во општеството или со обезбедување одржливи услови по нивното враќање во местата на потекло*

Овој извештај покажува дека нерешениот статус и „привремената природа" на можностите за раселените лица се главните детерминанти на нивната ранливост. За изнаоѓање одржливи солуции за тие предизвици, потребна е јасност околу намерите на раселените, т.е. дали тие сакаат да се вратат во своите домови или да се интегрираат во новите заедници. Нивниот законски статус треба да се одреди соодветно на тоа. Раселените семејства обично се соочени со недостиг од можности за привремено вработување или пристап до основните услуги. Гледано од оваа перспектива, „подобрувањата" во рамките на „провизорните" услови не треба да се сметаат за одржливи развојни опции. Реално подобрување може да се постигне само со целосно реинтегрирање на раселените лица во општеството или со обезбедување одржливи услови по нивното враќање во местата на потекло. Во кој и да е (или во двата) од тие случаи, фокусот на политиката која е одговор на ранливоста треба да се пренасочи од хуманитарна помош кон развој.

## Кон регионална „Декада на раселените"

Како што хуманитарната помош за раселените лица полека исчезнува, но допрва треба да се јават соодветно формулирани политики и програми за справување со социо-економските ранливости, може да се јави вакуум во политиките насочени кон раселените. Тоа ја нагласува континуираната потреба од залагање за тоа раселените да не станат „заборавена популација". Според тоа, хуманитарната помош треба да се замени со сеопфатни, одржливи програми за интеграција или со таргетирана развојна помош, која е заснована на разните видови ранливост со кои се соочуваат раселените семејства. Иако националните влади и невладините организации мора да одиграат клучна улога во оваа фаза, големината на задачата (осо-

бено во Босна и Херцеговина, Србија и Косово) во голема мера ги надминува капацитетите на националните актери. Според тоа, за ефективно решавање на ранливоста на раселените во земјите на Западен Балкан може да е потребна поширока рамка на меѓународна поддршка. Напорите да се реши прашањето на ранливост на Ромите од 2005-та наваму се збогатени со Декадата на вклучување на Ромите. Наспроти тоа, на напорите да им се помогне на раселените им недостига регионална политичка посветеност, која би можела да ги мобилизира владите да им пријдат на овие прашања на систематски начин. Таква една рамка би можела да се обезбеди со иницијатива за „Декада на раселените", прилагодена (каде што е потребно) на структурите и поуките од Декадата на вклученост на Ромите. Таквата меѓувладина рамка би можела да резултира со форум преку кој би можеле да се постигнуваат договори за главните приоритети, да се врши притисок врз владите да преземат конкретни обврски и да се обезбеди координирана меѓународна поддршка на нивно спроведување. Како и во случајот на „Декадата на Ромите", и „Декадата на раселените" би можела да го олесни создавањето една општо прифатлива рамка, во која би се вклопиле националните политики. Таквата иницијатива би требало да биде насочена кон сите лица раселени со конфликтите во Западен Балкан. Таа би требало да ги усогласи регионалниот визибилитет и меѓународната посветеност со фокусираните национални акциски планови, кои се потребни да се изнајде подобар одговор на предизвиците од ранливоста со кои се соочени заедниците на раселените – предизвици кои се најчесто заеднички во целиот регион, но носат и национални карактеристики кои треба да се земат предвид. Би можело да се елаборира регионална стратегија со која би се утврдиле начелата за решавање на потребите на раселените заедници, со активно учество на владите, на меѓународната заедница и на претставници на самите раселени лица. Следејќи го моделот на Декадата на вклучување на Ромите, регионалните начела би можеле да се преточат во национални акциски планови, кои, пак, би можеле да се вкоренат во регионалните развојни приоритети на земјите-учеснички. Таквата стратегија би можела да претставува дополнување на Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа. Исто така следејќи го примерот на Декадата на вклучување на Ромите, земјите со национални стратегии за одговор на проблемите на раселените би можеле да ги ажурираат и да ги модернизираат тие свои стратегии, со насока кон трансформирање на рамките на политиките и социјалните ставови кон раселените, одвлекувајќи ги од третирање на раселените како проблем за локалните заедници и насочувајќи ги кон тоа да го искористат тој "човечки капитал" на најдобар можен начин. Се разбира, таквата иницијатива би се соочила со бројни тешкотии. Карактеристиките на раселените заедници и предизвиците со кои тие

*Хуманитарната помош треба да се замени со сеопфатни, одржливи програми за интеграција*

*„Декада на раселените" би можела да го олесни создавањето една општо прифатлива рамка, во која би се вклопиле националните политики*

се соочуваат се разликуваат во голема мера од земја до земја. Очигледно, ќе се јават и повеќекратни политички предизвици, затоа што развојните предизвици со кои се соочени раселените може да бидат тесно поврзани со етничките тензии карактеристични за одредени земји или со нерешениот статус на Косово. Исто така, ќе треба да се решат и бројни технички прашања (*Кои институции треба да ги обесштетат жртвите на раселувањето? Каква улога треба да имаат локалните власти, особено во поглед на внатрешно раселените лица? За кои имоти треба да се обесштетат раселените? Како да се процени вредноста на тие имоти?*). Сепак, колку и да се сериозни тие тешкотии, тие се и причината поради која една сеопфатна, меѓувладина иницијатива може да биде најдобриот и најодржливиот начин да се обезбеди меѓународна поддршка за националните (и билатералните, каде што е можно) напори. Фактот што голем број меѓународни актери (вклучително, но не и исклучиво, семејството на ОН) се ангажирани во врска со прашањата на раселени лица е уште еден аргумент во прилог на таквата иницијатива. Меѓутоа, во практиката голем број од тие организации си имаат сопствени „секторски приоритети“ и даваат отпор кон координирање, со што во голема мера ја отежнуваат ефективната соработка на теренот. Тоа е жално, зашто одговорите на прашањата на раселеност треба да почиваат на јасен и доследен бизнис модел во една заштитна рамка, која е заснована на применливи закони, особено доколку сакаме раселените заедници да прејдат од помош и зависност кон одржлив развој. За активностите на итна помош се потребни друг вид приоди и оперативни модалитети одошто за одржливи напори за локална интеграција. Една „Декада за раселените“ би можела да создаде форум на кој тие транзициски модалитети би се преговарале, договарале и координирале. Тоа, пред сé, вклучува подобра поделба на улогите и одговорностите помеѓу разните тела инволвирани во проблемите на раселените лица.

## Политичко учество на раселените заедници и соодветна застапеност

Иако од поинаква природа од онаа на Ромите, проблемот на соодветната застапеност на раселените лица не е помалку сериозен. Раселените лица честопати се соочуваат со проблеми при гласање на избори. Податоците од анкетата покажуваат дека тие честопати се наоѓаат во улога на „корисници на проекти“ со ограничени можности за влијание врз креирањето и имплементацијата на политиките кои се наменети за нивна помош.

Прашањето на соодветна застапеност на раселените може да стане посебно значајно доколку се отпочне со регионална иницијатива (во согласност со гореспоменатото). Соодветната

застапеност, исто така, би им помогнала на раселените да ги артикулираат своите интереси на локално ниво (ниво на заедницата) и би ги намалиле и можностите за злоупотреба на проблемите на раселените при несогласувањата на владите во регионот. Поголемата локална застапеност би помогнала и во имплементацијата на развојните приоди, кои почиваат на реализирање на одредени права во случајот на раселените заедници. Со формирани претставнички тела, способни за артикулирање и промовирање на интересите на раселените заедници, би била олеснета интеракцијата и соработката со институциите и населението на локално ниво во општествата на земјите во кои тоа престојува. Ова би ја намалило отфрленоста (и понекогаш стигматизацијата) на бегалците и на внатрешно раселените лица и би ја олеснило нивната одржлива интеграција, посебно онаа на младите луѓе.

*Соодветната застапеност би помогнала во имплементацијата на развојните приоди, кои почиваат врз реализирање на одредени права во случајот на раселените заедници*

## Олеснување на интеграцијата во новите заедници

Меѓународните конвенции ги заштитуваат раселените лица од присилно враќање во местото од каде потекнуваат и од присилна интеграција во нивната матична земја. Во оние случаи во кои се донесува одлука за интеграција во општествата на земјите во кои се престојува, таа треба да биде олеснета преку активно вклучување на локалните заедници и поддршка за оние локални заедници во кои престојуваат раселените. На интеграцијата на раселените не треба да се гледа како на дополнителен товар на овие локални заедници. Проектите на одредена област кои ги поддржуваат таквите заедници во нивната интеграција на раселените може да бидат посебно ефективен, одржлив одговор на предизвиците кои ги наметнува ранливоста врзана со раселувањето. Таквите проекти може да отпочнат со проценка на институционалниот капацитет на општините за справување со значителните приливи на раселени лица (за враќање, интерграција, или и за двете), за да се идентификуваат недостатоците од надворешна помош. Онаму каде што е тоа возможно, треба исто така да се промовира меѓуопштинската соработка во и помеѓу земјите за олеснување на интеграцијата или враќањето на раселените. Донаторите треба да се поттикнуваат да обезбедуваат приоритетна поддршка за таквите проекти. Водечкиот принцип треба да биде приод кој ќе промовира гледање на раселените како на придобивка (а не како на товар) за локалните економии – но, како на придобивка која бара соодветни инвестиции за да генерира значајни резултати.

*Проектите на одредена област кои ги поддржуваат таквите заедници во нивната интеграција на раселените лица може да бидат посебно ефективен, одржлив одговор на предизвиците кои ги наметнува ранливоста врзана со раселувањето*

Искуството на УНДП со проекти наменети за лицата кои се враќаат посочува на важноста на работењето со централните и општинските власти за изградба на капацитет за управување со прашања врзани за раселувањето. Проектот вОдржлив пренос на одговорност на домашните институции за враќањето

*Би можело да се формираат донаторски фондови за обесштетување на имотот на раселени лица и со нив треба да се управува во рамките на „Декадата на раселените лица“*

на раселени лицаг, имплементиран од Програмата за развој на Обединетите Нации во Босна и Херцеговина, е добар пример за ова: во него се вклучени локалните власти во сите аспекти од враќањето и реинтеграцијата на раселените. Овде спаѓа артикулирањето на потребите од враќање, осмислувањето на соодветните интервенции и нивното финансирање, имплементацијата и евалуацијата. Националните и локалните партнери беа вклучени во осмислувањето и имплементацијата на проектот. Овие партнерства помогнаа во зајакнувањето на застапеноста на различните страни на интерес во проектот што навестува успех.

## Обесштетување на имот и замена на недвижен имот

Многу раселени домаќинства поминуваат не само низ физичко раселување (од нивните домови и заедници), туку и низ социјлано раселување, со оглед на тоа што се втурнати од една сигурност на граѓани од средна класа во социо-економска ранливост. По завршувањето на конфликтот и по воспоставувањето на меѓународните рамки за справување со проблемите на раселените лица, треба да се стават на маса правата за враќање на имотот. Покрај директните бенефиции за погоденото население, правата за враќање на имот може да дадат дополнителен стимул на процесот на враќање, поттикнувајќи ги другите лица и цели заедници да го следат нивниот пример. Процесот сепак, треба да се одвива и управува на национално ниво. Онаму каде што е тоа можно, треба да се поттикнува замената на имот и на недвижен имот – но, на начин на кој транспарентно ќе се признаат легитимните права на сопственост на раселените домаќинства, а не на начин на кој од нив се прави истовремено жртви и корисници на нетранспарентни конфискации на имот. Треба да постои можност за обесштетување на изгубен и уништен имот и за истото да може да се преговара во меѓународно усогласените рамки. Би можело да се формираат донаторски фондови за обесштетување на имотот на раселени лица и со истите да се управува во рамките на „Декадата на раселените лица“.

# Содржина

**Предговор** ............................................................ V
**Благодарност** ........................................................ VII
**Список на кратенки** ............................................... VIII

## Вовед

Ранливоста како предизвик за човечкиот развој ........... 1
Ранливите групи и Програмата за развој
на Обединетите Нации (UNDP)........................................ 1
Пристапи кон ранливоста ................................................ 3
Интегрирана анализа на ризици и проценка
на ранливоста .................................................................. 5
Преглед на извештајот .................................................... 6

## Дел I. Роми

**Поглавје 1.1: Ромите во Балкански контекст**

Главни пристапи кон ромскиот идентитет ...................... 11
Историски корени ........................................................... 13
Ромите и конфликтите на Балканот ................................ 14
Методолошки импликации .............................................. 15

**Поглавје1.2: Сиромаштија** ........................................ **17**

Статус на сиромаштија ................................................... 17
Импликации на сиромаштијата ...................................... 20
Корелати на сиромаштијата ........................................... 22
Детерминанти на сиромаштијата ................................... 24
Заклучоци од поглавје 1.2 ............................................. 26

**Поглавје 1.3: Образование** ....................................... **29**

Образовен статус ............................................................ 29
Корелати на образованието ........................................... 32
Детерминанти на образованието ................................... 36
Заклучоци од поглавје 1.3 ............................................. 39

**Поглавје 1.4: Вработување** ....................................... **41**

Статус на вработување ................................................... 42
Корелативи на вработувањето ....................................... 48
Заклучоци од поглавје 1.4 ............................................. 54

**Поглавје 1.5: Здравје и безбедност** ........................... **55**

Здравје и исхрана ........................................................... 55

Станбен статус ........................................................................ 58
Перцепции на законите ............................................................ 59

Заклучоци од поглавје 1.5 ......................................................... 61

# Дел II. Раселени лица

**Поглавје 2.1: Раселени лица во балкански контекст** ........................................ **65**

Од каде доаѓаат раселените лица? ................................ 65
Ранливост на раселените .............................................. 68
Населението кое е предмет на разгледување во овој извештај .............................................................. 70

**Поглавје 2.2: Сиромаштија** ........................................ **73**

Статус на сиромаштија ................................................ 74
Импликации на сиромаштијата ..................................... 75
Корелати на сиромаштија ............................................. 76
Детерминанти на сиромаштијата .................................. 78
Заклучоци од поглавје 2.2 ............................................ 80

**Поглавје 2.3: Образование и вработување** .......... **81**

Образовен статус ........................................................ 81
Демографски разлики .................................................. 82
Статус на вработување ................................................ 82
Корелати на вработување ............................................. 86
Заклучоци на поглавје 2.3 ............................................ 89

**Поглавје 2.4: Здравје и безбедност** ......................... **91**

Станбен статус ........................................................... 91
Здравје и исхрана ........................................................ 92
Политички импликации и пристап до информации .......... 94
Перцепции на законите ................................................ 94
Заклучоци од поглавје 2.4 ............................................ 95

# Препораки за политиката

Општи принципи на интервенциите ................................. 97
Политики кои се конкретно целно насочени кон Ромите 103
Политики кои се конкретно целно насочени кон раселените лица ......................................................... 108

# Анекси

Методолошки анекс ..................................................... 113
Анекс на податоци ...................................................... 119

**Библиографија** ........................................................ **129**

*УНДП е глобална мрежа на ОН за развој, залагање за промени и поврзување на земјите со знаење, искуство и ресурси, со цел да им се помогне на луѓето да изградат подобар живот. Присутни сме на терен во 166 земји, во кои заедно со нив работиме на изнаоѓање нивни сопствени решенија за глобалните и националните развојни предизвици. Во развивањето ан локалните капацитети, тие земји црпат од искуството на луѓето од УНДП и нашиот широк спектар на партнери. Светските водачи се заложија за постигнување на Милениумските развојни цели, вклучително и општата цел на намалување на сиромаштијата за 50% до 2015 г. Мрежата на УНДП ги поврзува и координира глобалните и националните напори за остварување на тие цели.*


Програма за развој на Обединетите нации
Европа и ЗНС
Регионален центар, Братислава

Тел: (421-2) 59337-11
Факс: (421-2) 59337-450
http://europeandcis.undp.org/